# ОТЧЕТ 2 ГОДИНИ

Градоначалник на Општина Крива Паланка



НОЕМВРИ 2021 - НОЕМВРИ 2023



# САШКО Митовски

*Градоначалник*
*Општина Крива Паланка*

**КРИВА ПАЛАНКА ВО СРЦЕТО!**
**ОТЧЕТ ЗА ДВЕ ГОДИНИ РАБОТА СО СРЦЕ ЗА МОДЕРНА, УРБАНА, ЕВРОПСКА КРИВА ПАЛАНКА**
-Развојот на градот за само 24 месеци-

Почитувани,

На 1 ноември 2023 се заокружуваат 2 години - 24 месеци или 730 денови во служба на жителите на нашата Крива Паланка.

Две години секојдневна, денонoќна посветеност на развојот на општината, унапредување и подобрување на условите за живот на секој еден жител на нашиот град, за подобро утре на генерациите што доаѓаат, за младите да имаат со што да се поистоветуваат, да се мотивараат , да има со што да се гордеат и да продолжат да работат и вложуваат.

Таа посветеност значи дела, не зборови, туку реални реализирани проекти на терен, дела за кои говорат фактите, не зборовите. Бројни проекти со вложени милиони евра во патна инфраструктура, локална и регионална, во водоводи, канализации, уредување речни корита, регулација на долови, во мерки и субвенции за младите, образование, спортска инфраструктура и вложувања во спортот, социјална заштита и подобри социјални услуги, поддршка на ранливите категории, на највозрасните граѓани. Проекти со вложувања во опремување капитални објекти, национални и локални институции, во култура, хигиена, хортикултура, урбанизација, туризам...

Годинава што изминува, 2023, како и целиот период од изминати 24 месеци, градот се развива со силно темпо благодарение на нашата максимална посветеност кон реализација на проекти што решаваат долгогодишни, често - децениски проблеми на граѓаните, носејќи директен бенефит за засегнатите жители на општината, од една страна, а од друга страна, ја менуваат сликата на градот, го градат ликот на нова, урбана, модерна, Европска Крива Паланка.

И токму така, со проекти и дела, ја покажуваме и докажуваме љубовта кон градот, со вложувањата во нашата Крива Паланка што се развива како никогаш досега. Се гради во и околу општината со интензитет што не е запаметен во поновата историја на градот, зашто тоа е наша обврска, наша должност во службата за граѓаните.

Тоа е нашиот одраз во огледалото на иднината - да се гледа работата, буквално во секој дел на нашиот преубав град под Осоговието, градот на две реки, на два светитела и град со богата традиција, култура и природа што нуди можности за развој.

Вложуваме и градиме постојано, инвестираме и тоа е повеќе од видливо, проектираме и креираме нови капитални проекти, патни правци во селата и градските урбани подрачја, носиме проекти што значат развој на туризмот, развој на нашето родно место каде младите ќе ја гледаат својата иднина.

Она што ме прави особено горд е што нашите дела и реализацијата на ветеното се нешто што прерасна во стил на работа на оваа локална власт и сме пример дека најважна е посветеноста кон зацртаните цели - решавање круцијални проблеми на сите граѓани.

А бројните проекти за кои говорам се резултат на искрените заложби, мои, на советниците во Советот на Општина Крива Паланка и на целокупната општинска администрација, да придонесеме кон уште поголем развој на градот и заедно да им се радуваме на новините и убавините, зашто сите тие се влог во иднината, за подобро утре, поубава и подобра општина за идните генерации.

Како секогаш и секаде, патот кон подобро утре не е ни малку лесен, па и ние, во работењето секојдневно наидуваме на предизвици, препреки што тековно ги решаваме. На тој пат едно е сигурно - нашиот патоказ е развиена, урбана, убава и модерна Крива Паланка. Пат што посветено и макотрпно, неуморно го одиме зашто, се обврзавме пред граѓаните што ни ја додоа довербата на многу работа и посветеност за Крива Паланка.

И верувајте - правиме сè што е во наша моќ – градиме, инвестираме, вложуваме и го развиваме буквално секој дел на нашиот преубав град под Осоговието, а во тоа ја имаме несебичната поддршка од централната власт и благодарение на тоа, на таа одлична соработка: локална-централна власт, градиме и работиме секојдневно и сведочиме за постојан раст и развој на општината. Градиме во заедништво, преку слога, без поделби, создавајќи моќна институција со сите чинители во заедницата.

Како градоначалник, сметам дека уште од првиот ден не добив функција, туку, стапив во служба на моите сограѓани.

И така работам, со силна и максимална секојдневна лична посветеност која заедно со моите соработници гради движечка енергија за развој и напредок на градот и така заедно - ја креираме и моделираме иднината на општината.

И тоа е круната на успехот - кога ќе создадете заедништво, како почеток на прогресот.

А успехот не е случајност, туку е напорна работа, упорност, учење, пожртвуваност и најмногу од сè љубов кон она што го правите, зашто и најголемите нешта започнуваат од мала идеја, но со голема визија и работа со многу љубов.

Токму затоа продолжуваме со несмалено темпо, со многу труд и љубов да работиме во служба на граѓаните и во следниот период, горди на денешната Крива Паланка - резултат на таа наша заедничка работа, плод на подршката што ја пружаат сите: советници, директори на локални институции, општинската администрација, вработените во сите институции што секојдневно со својата работа и посветеност придонесуваат за убавиот лик на градот со кој сите се гордееме.

Моите заложби од срце и со срце за Крива Паланка насочени кон секојдневна, безрезерва и посветена служба на граѓаните продолжуваат и во претстојниот период, за прогресивна, модерна и Европска Крива Паланка.

Работам и ќе продолжам да работам со љубов за нашата Крива Паланка, за поубава општина – дом на идните поколенија.

Искрено Ваш,
Градоначалник Сашко Митовски.

## ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА, ПЕШАЧКО РЕКРЕАТИВНИ ПАТЕКИ 2022/2023

За само две години во Крива Паланка се вложени вкупно 5.5 милиони евра во патна инфрастурктура.

Инвестирани се 2 милиони евра во 2022 година, 1 милион евра во 2023 година, а во финална фаза на реализација се проекти вредни 500 илјади евра.

Потпишани се договори и средства се одобрени за проекти со кои се инвестираат уште 2 милиони евра во патна инфраструктура во Општина Крива Паланка во 2023/24.

1









Проект: Регионален патен правец с.Метежево – с.Огут, рехабилитиран по 40 години, обезбедено патно поврзување на жители од 4 села
Вредност: 15.000.0000 денари
Финансиран од: ЈПДП

2







Проект: Регионален патен правец Спасена - село Луке 4.4 километри, рехабилитиран по 40 години
Вредност: 16.000.0000 денари
Финансиран од: ЈПДП

3





Проект: Изградба на патен правец с. Б'с – Кошари, 2 километри
Вредност: 13.000.000 денари
Финансиран од: Биро за Регионален Развој и буџет на Општина Крива Паланка

4





Проект: Изградба и асфалтирање на локален патен правец кон градски гробишта
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: Светска Банка

5







Проект: Асфалтирање локален пат во село Конопница, улица „Вршачка“
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

6





Проект: Рехабилитација на локален пат во населба Лозаново
Вредност: 3.500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

7





Проект: Рехабилитација на дел од улица „Херој Карпош“
Вредност: 700.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

8





Проект: Изградба на улица „Пиринска“ во населба Единство
Вредност: 3.500.000 денари
Финансиран од: 2.000.000 МТВ и 1.500.000 од буџет на Општина

9





Проект: Изградба и асфалтирање на локален пат во населба Мизовски Ливади
Вредност: 16.000.0000 денари
Финансиран од: ТАВ програма

10









Проект: Уредување на пешачка патека „Бабин Дол“ кон манастир „св.Јоаким Осоговски“
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: ЕУ-фондови, ИПА програма за прекуграничната соработка со Бугарија

11





Проект: Уредување на локалитет Станечки водопади и пробивање пешачка патека до Калин Камен
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: ЕУ –фондови, ИПА програма за прекуграничната соработка со Србија

12






Проект: Уредување на пешачка патека „Стара вада"
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: Североистичен плански регион преку БЗРР

13





Проект: Уредување и тампонирање на 2 неформални паркинг простори во речно корито на Крива Река
Вредност: 2.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

14




Проект: Изградба и асфалтирање на локален пат во село Конопница, маала Чивл'к
Вредност: 5.000.000 денари
Финансиран од: ТАВ програма

15





Проект: Асфалтирање 1.5 километри пат во село Кркља– изграден асфалтен пат по 40 години
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР

16







Проект: Уредување на влез и пристап на градски пазар, површина од 4000 м2
Вредност: 6.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

17





Проект: Асфалтирање на ул „Ристена Гогова“ , населба Баглак
Вредност: 1.800.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

18




Проект: Рехабилитација на улица „св.Јоаким Осоговски“ - од Осички Мост до мотел „Македонија“
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: СИПР преку БЗРР

19





Проект: Изградба и асфалтирање пристапна улица „Баглачка“, населба Баглак
Вредност: 1.300.000 денари
Финансиран од: БЗРР

20





Проект: Асфалтирање на ул.„Кочо Рацин“
Вредност: 2.500.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

21









Проект: Изградба на тротоари на влез и излез на Крива Паланка
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: СИПР

22



Проект: Поставување еластична одбојна ограда во: Белевски дол, Скрљавски дол и ул. „Кочо Рацин“
Вредност: 2.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

Поставена еластична ограда на ул. „Св. Јоаким Осоговски“
Вредност: 2.800.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

23







Име на проект: Поставена вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на ул.„Свети Јоаким Осоговски“ -2023 година
Вредност: 500 000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

24





Просторот од над 4000 м2 под комплексот згради тампониран и уреден

## ТАМПОНИРАЊЕ – САНИРАЊЕ СЕЛСКИ ПАТИШТА

1





Проект: Тампонирање и санација на селски патишта во село Конопница (Крстата падина)
Вредност: 1.000.000 денари
Финансиран од: СИПР

Проект: Тампонирање пат во село Конопница , маала Трнци
Вредност: 1.000.000 денари
Финанисран од: МЗШВ

Проект: Тампонирање  пат во населба Мизовски Ливади
Вредност: 1.400.000 денари
Финансиран од: СИПР

Проект: Делумно пробивање, изработка на долен строј и тампонирање на патниот правец од големата кривина на пат за Манастир кон м.в. Црвена Нива
Вредност : 1.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

2





По невремето - инженерскиот вод на АРМ, ЈП Македонија пат и економски оператори извршија:
-санација на патните правци во селата: Подржи Коњ, Луке, Голема и Мала Црцорија, Трново, Киселица, Добровница, Осиче, Жидилово, Кркља, Узем, Мартиница, Спас - Крст, Градец, Борово, Огут, Нерав, Габар, Дренак, Конопница и Т'лминци
-тампонирање на патни правци: Црвена Нива - село Кошари и село Градец – Милевци.

3




Изградени потпорни ѕидови и санација на свлечишта: ул. „Никола Тесла", ул. „Баглачка", ул. „Калин Камен" и ул. „Осоговска". Потпорен ѕид на повеќенаменско игралиште во м.в.Дубје, с.Мождивњак. Санација на свлечиште во населба Скрљава и потпорен ѕид на крак од ул. „Херој Карпош" во Трновска маала
Вредност: 5.000.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

## ПРОЕКТИРАЊЕ 2022/2023

1

**Градски улици**
- Краци од  ул.Моша Пијаде во населба Осичка маала и Трновска маала
- ул. Ратко Минев
- ул.Ѓорче Петров-Кланица
- ул. 11-ти Октомври -населба Чука

**Селски локални патишта**
- Крстата падина
- Поврзување Градец-Осиче
- Длабочица до црква
- Спас-Крст, с.Конопница
- Трново
- Подржи Коњ
- Градец

Вкупна вредност на реализирани проекти од локална патна мрежа до месец Октомври 1 МИЛИОН ЕВРА

## ПРОЕКТИ ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2023

1






Проект: Изградба на улици: „Осоговска“, „Македонска“, „Климент Охридски“
Вредност: 15.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР

2








Проект: Рехабалитација на улици во населба Илинден: „Димитар Арсов“, „17 Мак Бригада“, „3 Македонска Бригада“, „Ѓорче Петров“, „Димитар Влахов „ и „Чупино Брдо“ со замена на водоводна инсталација и поставување полиетиленски цевки
Вредност: 18.000.000 денари
Финансиран од: МТВ

## ПОТПИШАНИ НОВИ ДОГОВОРИ ВО 2023 СО РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА 2023/2024

1 Проект: Проширување и рехабилитација на централна градска улица од населба Единство до Соларски Мост
Вредност: 40.000.000 денари
Финаниран од: МТВ и Светска банка

2 Проект: Изградба на локален пат во село Дурачка Река.
Вредност: 28.000.000 денари
Финансиран од: ЈПДП

3 Проект: Реконструкција на улица „Гоце Делчев“ и крак кон Дреначка маала, населба Единство
Вредност: 5.200.000 денари
Финансиран од: МТВ и Буџет на Општина Крива Паланка

4 Проект: Рехабилитација на локален пат во село Мождивњак
Вредност: 12.000.000 денари
Финансиран од: СИПР

5 Проект: Изградба на локален пат Б ‘с - Кошари
Вредност: 16.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР

ВКУПЕН ИЗНОС 2 МИЛИОНИ ЕВРА

## ОПРЕМУВАЊЕ, ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ И ЦЕНТРАЛНИ ИНСТИТУЦИИ

За само 2 години инвестиравме близу 1.000.000 евра во реконструкција и обнова на постоечки објекти како локални, така и централни.

1







Проект: Проширување со надградба на нов кат на ОЈУ детска градинка Детелинка, објект „Поточиња“
Вредност: 25.500.000 денари
Финансиран од: Светска банка и МТСП, Буџет на Општина Крива Паланка

2





Проект: Реконструкција на под, санитарии, електрична инсталација, обнова на кујна во детска градинка Детелинка
Вредност: 3.300.000 денари
Финансиран од: Донација од Амбасада на Јапонија

3



Опремена прва сензорна соба во ООУ Илинден со адаптација на простор
Вредност: 250 000.00 денари
Финансиран од: Фондација ,,Чекор по чекор" и ООУ „Илинден“

4



Проект: Замена на осветлување во спортска сала „Бранители 2001“, поставени штедливи светилки
Вредност: 300.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

5



Проект: Оградување и заштита на стадионот, уредување на просторот околку спортски комплекс во градот
Вредност: 300.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

6





Проект: Набавка и инсталација на нова опрема во централната кујна на ОЈУДГ „Детелинка“ - објект „Пролетна роса“
Вреднсот: 1.800.000 денари
Финансиран од: МТСП

7




Проект: Реконструкција на објект на ЈП Македонија Пат и изградба на нов хангар
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: ЈПДП

8




Комплетно реконструирани и реновирани спортски соблекувални, 3 канцеларии и скалишен просторсо 2 училници и  просторија за магацински простор во ООУ Јоаким Крчовски
Вредност: 2.000.000 денари
Буџет на училиштето и блок дотации од МОН

9








Проект: Дневен центар за престој на стари лица и активно стареење-Крива Паланака доби прв Дневен центар за стари лица -подобрени се социјалните услуги за возрасните
Вредност: 5.700.000 денари
Финансиран од: МТСП и Буџет на Општина Крива Паланка

10






Проект: Уредување и опремување на ентериер во повеќенаменска сала при НУ Центар за култура
Вредност: 4.500.000 денари
Финансиран од: БЗРР

11






Проект: Изработка на техничка документација за реконструкција на објектот НУ Центар за култура
Вредност: 800.000 денари
Финансиран од: Министерство за култура

# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИИ, РЕЧНИ КОРИТА, ДОЛОВИ

Реализирани проекти за водоводна и канализациона мрежа,уредување на речни корита,регулација на долови 2022/2023

Инвестирани 1.2 милиони денари за нови водоводи,канализации, уредување на речното корито. Во 2022 година вложени 350 илјади евра, 2023 инвестирано во проекти вредни 900.000 евра.

1







Проект: Изградба на минор корито на Крива Река - фаза 3 и 4 и изградба на пешачки мост
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: 6.500.000 денари од Светска Банка и 4.500.000 денари од МЖС

2



Проект: Изградба на систем за наводнување на земјоделско земјиште во село Конопница
Вредност: 24.000.000 денари
Финаниран од: МЗШВ и ЕУ

3



Проект: Изместување на главен лев колектор, од градски пазар до населба Бегови Бавчи
Вредност: 8.000.000 денари
Финансиран од: МТВ

4



Проект: Изградба на канализациона мрежа во село Мождивњак
Вредност:2.500.000 денари
Финаниран од: МЖС

5





Проект: Изградба на атмосферска и фекална канализација на ул. „Македонска“ - населба Баглак
Вредност: 4.000.000 денари
Финансиран од: МЖС

6







Проект: Изградба и регулација на Домачки Дол
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од: МЖС

7



Проект: Инсталација на систем за намалување на загубите на вода за пиење
Вредност:15.000.000 денари
Финансиран од: МЖС

8



Проект: Изградба на колекторски систем и пречистителна станица
Вредност: 5.000.000 денари
Финанисиран од: МЖС

**Во фаза на проектирање се следните значајни проекти за кои општината ќе добие грант преку ЕИБ и МЖС. Вредност: 970.000 евра**

•Проект: Водоводна линија во должина од 9 километри, м.в. Вирови – Грамаѓе, село Конопница
•Проект: Водоводна линија во должина од 10 километри, Острец – Мождивњак
•Проект: Водоводна линија Калин Камен
•Проект: Канализациона линија ул.„8-ми Октомври“
•Проект: Канализациона линија населба Трнци, село Конопница

**Проект кој е одобрен и следува реализација:**

1



Проект: Изградба на минор корито на Крива Река - Фаза 3 и Фаза 4 до градски базен
Вредност: 16.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР

# НАБАВКА НА УРБАНА ОПРЕМА, ОПРЕМУВАЊЕ НА ТППЕ И ЈП КОМУНАЛЕЦ 2022/2023

За доопремување на јавните претпријатиа и ТППЕ – инвестирани се повеќе од 18.000.000 денари или 300.000 евра

1









Проект: Специјализирани возила за чистење јавни површини: трактор со метларка и мулчер за кастрење гранки, метларки, правосмукалки и косачки
Вредност: 12.000.000 денари, 6.000.000 денари од ЈП Комуналец и 6.000.000 денари од Буџет на Општина Крива Паланка

2




Проект: Набавка на специјализирано возило за чистење снег
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: БЗРР

3










Проект: Опремување на ТППЕ Крива Паланка со нови униформи и техничка опрема
Вредност: 2.000.000 денари
Финансиран од: УНДП и Буџет на Општина

4





По 4 години, извршена е набавка на комплетно нови униформи за припадниците на ТППЕ
Вредност: 300.000 денари
Финансиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка

5





Проект: Набавка на урбана опрема во градскиот парк: клупи, видиковец, платформа за културни настани
Вредност: 600.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

6




Проект: Набавка на нови 195 корпи за отпадоци
Вредност: 650.000 денари
Финансиран од: Донација Амбасада на НР Кина и Буџет на Општина

7





Проект: Набавка на техничка опрема за културни настани и манифестации: монтажна бина, зашититни огради, тенди и столчиња
Вредност: 600.000 денари
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

8



Набавена современа дигитална опрема за директен пренос на седниците на Совет и други јавни настани од интерес на јавноста. Опрема е набавена во рамки на проектот: „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“.
Финансиите се обезбедени од Швајцарската влада и МЛС, а ја кофинансира и спроведува УНДП во соработка со национални и локални партнери.

# СПОРТ И СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА, ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИ, РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ 2022/2023

Спортот е област на која се дава значајна поддршка, за само 24 месеци инвестирани се 500 илјади евра во изградба на нова спортска инфраструктура, вложени се 2.6 милиони денари за директна поддршка на спортот и спортските работници и дополнително, воведени се нови десетина мерки за поддршка, субвенции и стипендирање на млади, на ученици, студенти, талентирани спортисти.

1





Проект: Уредување на дворот и спортскиот терен со поставување на заштитна ограда во ООУ„св.Јоаким Крчовски“
Вредност: 7.500.000 денари
Финаниран од: Буџет на училиштето

2





Проект: Изградба на спортски терен во ПОУ “Илинден“, село Конопница
Вредност: 5.100.000 денари
Финансиран од: Буџет на училиштето

3





Проект: Поставување фитнес – зона на спортски комплекс
Вредност: 3.000.000 денари
Финансиран од: АМС

4





Проект: Изградба на повеќенаменско игралиште во село Мождивњак
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од: АМС

Спортска инфраструктура која е во фаза на изградба

5





Проект: Изградба на „ПАМП -трака за велосипеди“ на спортскиот комплекс
Вредност: 4.000.000 денари
Финансиран од: Швајцарска агенција за развој и соработка преку УНДП и Општината

За првпат се воведени нови мерки за субвенции на млади и ранливи категории лица:

6





Проект: Еднократна парична помош за првоодделенче
Вредност: 3.000 денари + доделени ранец и училишен прибор
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

7




Проект: Еднократна парична помош за матуранти
Вредност: 3.000 денари
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

8



Субвенции за набавка на дигитални уреди за студенти до 29 години
Вредност: 6.000 денари
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

9



Субвенции за набавка на дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години
Вредност: 9.000 денари
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

10



Субвенции за млади за купување на велисипед
Вредност: 4.000 (бруто) денари
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

11



Стипендирање успешни/талентирани ученици со одличен успех
Вредност: 3.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

12



Субвенциониран превоз за студенти
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

13



Стипендирање талентирани спортисти
Вредност: 3.000 денари (9 месеци во годината)
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

14



Обезбедени бесплатни термини за млади за користење спортски терени и сала

15















Одржан турнир во мал фудбал „Крива Паланка“ што прераснува во нова спротска традиција на градот

16




Проект: Формиран општински клуб во мал фудбал „Осогово 2022“.
Клубот по успешната прва сезона во втората македонска футсал лига, оствари висок пласман и напредуваше во Прва македонска футсал лига, на општо задоволство на љубителите на фудбалот од градот, враќајќи го стариот сјај на трибините.
Финансиран од: Буџет на Општина Крива Паланка

17





Одржана нова спортско-рекреативна манифестација за најмладите „Фудбал за сите“

18







Традиционална спортско-авантуристичка манифестација џип-рели „Офф-роад Осогово“
Покровител: Општина Крива Паланка

19





Ден на Европа- 9 Мај, Традиционална спортска манифестација „Општински крос натпревар“
Организатор: Општина Крива Паланка

20



Крива Паланка традиционално е единствен македонски град-домаќин на „Еуроп ред“- француски караван авантуристи кои секоја година донираат училишна опрема и материјали за франкофоните од ООУ „Св.Јоаким Крчовски“

21













За првпат во 2023 година е воведена директна финасиска подршка од Буџетот за спортските клубови и спортисти
Вредност: 2.200.000 денари
Финансии од: Буџет на Општина Крива Паланка

## ПОДДРШКАТА И ДОБРАТА СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ Е КОНТИНУИРАНА И НА ВИСОКО НИВО

1







Формиран Локален економски совет.
Локалниот економски совет претставува симбиоза на локалното стопанство, со општината, јавниот сектор, чаршијата и здруженијата на граѓани, со цел да се идентификуваат и решаваат проблемите и да се разменуваат идеи за побрз економски развој на општина Крива Паланка.

## ДЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА 2022/2023

Создаваме подобри услови за младите, за дечињата - од ниту едно детско урбано катче во Крива Паланка во 2021 година, денес изградени се и уредени 10 детски урбани катчиња, а во фаза на проектирање се уште 7.

Само за детски катчиња во 2023 година инвестиравме 4.800.000 денари, а изминатите две години вложивме близу 8.000.000 денари.

1





Детско катче во населба Лозаново
Вредност: 1.500.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

2





Детско катче во градски Парк и плоштад
Вредност: 500.000 денари
Финансирано од: донација од Амбасада на НР Кина

3





Детско катче во населба Маневци
Вредност: 500.000 денари
Финансирано од: Градоначалник на Општина Крива Паланка

4






Детско катче во дворот на ОЈУДГ Детелинка, објект „Поточиња“
Вредност: 400.000 денари
Финансирано од: донација од Флекс Кредит

5





Детско катче и спортски терен во населба „Единство“, кај комплекс згради
Вредност: 600.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка и проект: „Ромактед-фаза2“

6





Детско катче и спортски терен во населба Илинден
Вредност: 1.500.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

7





Детско катче во дворот на градинка Детелинка, објект „Пролетна роса“
Вредност: 400.000 дденари
Финансирано од: Проект „Ромактед-фаза2“

8





Детско катче и спортско игралиште во населба Скрљава,  м.в.Болничка ливада
Вредност: 600.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

9





Спортски терен и детско игралиште кај Метеоролошка станица, на површина 1800 м2
Вредност: 1.700.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

10 **Во фаза на проектирање се детските катчиња:**

1.Детско катче во населба Домачки Дол
2.Детско катче во Осичка мала
3.Детско катче во населба Конопница, м.в. Паднати бандери
4.Дино парк кај спортско игралиште во населба Конопница
5.Детско катче кај ресторан „Облаче“
6.Детско катче на Калин Камен
7.Детско катче кај спортски комлекс
8.Детско катче кај станица за технички преглед

## КУЛТУРА, МАНИФЕСТАЦИИ И НВО, РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ 2022/23 ГОДИНА

Културата и културните настани, фестивали и манифестации во Крива Паланка ја поставија општината високо на мапата атрактивни градови за посета за време на одржување на истите. Само во 2023 година од буџетот на Општина се вложени 7.500.000 денари – директна финансиска поддршка за култура.

1









Новоформирана културно-забавна манифестација „Новогодишен базар“

2






Манифестација „Коледе-Бадник“ со новововедена Бадникова поворка

3





Традиционално одбележан голем христијански празник, Богојавление-Водици и манифестацијата „ПИФТИЈАДА 2023“

4





Меѓународна манифестација „Невестинско поклонение“

5








Манифестација „Првоаприлско дефиле - бал под маски“

6




Манифестација „Велигденска традиција“

7





Детски музички фестивал „Распеано симитче“

8




Шоуто „Ритамот на Европа“ – со аудиција отвори врати за младите музички таленти од Крива Паланка

9










Свечена академија по повод „Ден на Сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј“ – Ден на просветата

10





Меѓународна трилатерална погранична средба „Краиште“

11








Интернационален фолклорен фестивал „Св.Јоаким Осоговски“

12 






Музички фестивал „Џојфест“- јубилејното, 10-то издание 2023 година со рекорден број посетители и публика, над 30.000 луѓе на градски стадион во Крива Паланка за настапот на легендарниот Здравко Чолиќ

13 







Манифестација „Кривопаланечко културно лето“, во 2023 реализирани рекорден број, повеќе од 50 културни манифестации

14







Одбележување на Денот на полицијата. На градски стадион Крива Паланка под мотото „МВР за граѓаните“ одржана свеченост по повод 7 Мај со демонстрирање на концептот „Полицијата во служба на граѓаните“

15







Манифестација: „Средновековниот фестивал“, која е дел од проектот “Одржливо искористување на културното наследство на Крива Паланка и Дупница”
Финасиран од: ИПА Програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Р.С.Македонија

16



Изработен видео-запис, трајна вредност на староградската кривопаланечка песна „Блазе тебе малој моме“ во ново руво, во изведба на „Распеани Паланчани“ и Дац и Александар

17




Меѓународен детски фолклорен фестивал “Паланечка тројка”

18














Свечена Академија по повод 8 Октомври, Денот на ослободување на Крива Паланка. По повод Денот на градот на Академијата свечено се доделува највисоката општинска награда „8 Октомври“ и Признание за посебен придонес во афирмација и развој на градот.

19







Традиционална гастрономска манифестација „Шопска софра“

20







Нововостановена манифестација „Фестивал на храна“

21



Одржана 37- ма Меѓународната ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски 2023“ - културен бренд на Општина Крива Паланка и државата.

Беа изложени 24 ликовни дела од 13- те учесници од Швајцарија, Турција, Словенија, Полска, Бугарија и Северна Македонија, што ќе останат трајна уметничка вредност на колонијата, а кои се творештво облагородено од прекрасната природа и духовноста на манастирот.

22








Свечено одбележување на големиот државен празник 2 Август – Илинден

23







Свечено одбележување на 8 Септември- Денот на независноста на државата

24







Свечено одбележување на Денот на градот- 8 Октомври, ослободување на Општина Крива Паланка

25



















Меѓународен театарски фестивал „Св.Јоаким Осоговски“ , во 2023, јубилејно 15-то издание

26  

Проект/Програма: Подршка за НВО за 2023 година
Вредност: 500.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

27 

Проект: Изработка на дигитален визуелен водич на турустички локалитети, угостителски и сместувачки капацитети на територија на Општина Крива Паланка
Вредност: 60.000 денари
Финансирано од: Буџет на Општина Крива Паланка

28    

Доделени новогодишни пакетчиња на ромските дечиња, на штитениците од Дневниот центар за лица со посебни потреби, како и на дечињата од трите клона на детската градинка „Детелинка".

29 

Крива Паланка доби уште еден светец-закрилник со извршената канонизација на Преподобниот игумен Јоаким Крчовски. МПЦ-ОА донесе одлука за канонизација на Крчовски, внимателно изучувајќи го неговиот животен пат, пастирскиот подвиг и чудата што се случуваат по неговите молитви. Советот на Општина Крива Паланка го прогласи за неработен ден 23 мај, денот кога Македонската Православна црква ќе го слави овој светец.

30 

Света архиерејска литургија во чест на патрон-празникот на свети Јоаким Осоговски, служеа во нашиот манастир српскиот патријарх г.г.Порфириј и Архиепископот Охридски и Македонски, г.г. Стефан. Овој чин е историски за градот и за МПЦ-ОА.

## СОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА И КАПИТАЛНИ ВЛОЖУВАЊА 2022/2023 ГОДИНА

Грижата за ранливите категории е наш приоритет. Горд сум што Крива Паланка во 2023 година доби прв Дневен центар за престој на возрасни лица со активно стареење, а еден од проектите во оваа област што беше и мое преидзборно ветување, на мое огромно задоволство, станува реалност.

Проектот за кој е изготвена техничка документација и истиот  е во програмата на МТСП, а тоа е Дом за стари лица во Крива Паланка.

1





Проект: Нега и грижа на стари лица во домашни услови, која продолжува во 2023 година
Вредност: 11.000.000 денари
Финансиран од: МТСП

2





Проект: Изработка на проектно - техничка документација за изградба на Дом за стари лица

3





Одбележување на Ден на Ромите, прослава и свеченост во чест на 8 Април

4





Традиционален Божиќен ручек со ранливи категории граѓани од семејства во социјален ризик

Субвенции за ранливи категории граѓани:

5 

Еднократна парична помош за новороденче и субвенција за купување на количка за новороденче
Вредност: 3.000 за новороденче и  3 000 денари за количка за новороденче
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

6 

Одбележување на 3-ти Декември – Ден на лицата со попреченост. Традиционален заеднички ручек со корисниците на Дневен центар, Крива Паланка.

7 

Ослободување од комунални давачки на семејствата на загинатите  бранители од Крива Паланка
Финансирана од: Буџет на Општина Крива Паланка

## УСПЕШНО И НАВРЕМЕНО САНИРАНИ ШТЕТИТЕ ОД НЕВРЕМЕТО

1 








Со експресно, навремено и координирано дејствување на Општински кризен штаб успешно санирани настанатите штети од невремето во јуни 2023. Мобилизирани беа сите служби: ТППЕ, ЈП „Македонија пат“, ЈП „Комуналец“, економските оператори од градот и помош пружи  инженерскиот вод на АРМ.
Претседателот на РС Македонија, Стево Пендаровски, ја посети Крива Паланка, посочи дека целокупната државна помош стои на располагање и упати честитки за навремената мобилизација и реакција, како и за враќањето на кејот на Крива Река во првобитната состојба за само 24 часа.

## КРИВА ПАЛАНКА– ЧИСТ, УРЕДЕН И ЗЕЛЕН ГРАД

1




































Модерна хортикултура, раскошни цветни декоративни форми, дрвореди, зеленило, чист воздух, уреден плоштад, парк и кеј на Крива Река, ја прават Крива Паланка привлечна за посета и препознатлива за туристите ширум земјава и регионот. Благодарение на секторот Паркови и зеленило при ЈП Комуналец, со секојдневна активна и посветена работа во изминатите 2 години - постигната е 100 отсто реализација на програмите за јавно зеленило и јавна чистота.

## ПЛАНИРАНИ И ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ ЗА 2023/2024 ЗА КОИ ВЕЌЕ СЕ ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ

1





Проект: Проширување и рехабилатија на централна градска улица од населба Единство до Соларски Мост
Вредност: 40.000.000 денари
Финаниран од: МТВ и Светска банка

2





Проект: Реконструкција на Градечки и Соларски мост
Вредност: 13.000.000 денари
Финансиран од: ТАВ програма

3



Проект: Реконструкција на фасада и обнова на спортски терен во ООУ„св.Јоаким Крчовски“ - објект „Партизан“
Вредност: 7.000.000 денари
Финансиран од :МОН

4



Проект: Партерно уредување на училиште во туристичко-историски локалитет Градец
Вредност: 6.000.000 денари
Финансиран од: ИПА – ЕУ фондови С Македонија-Србија

5



Проект: Поставување фотоволтаични панели на 5 јавни институции (училиште, музеј, општина, градинка, ученички дом)
Вредност: 6.200.000 денари
Финансиран од: Амбасада на Словенија и Буџет на општина

# АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ 2023 ЗА КОИ СЕ ОЧЕКУВА ИСХОД

1





Проект: Изградба на Адреналински парк во Калин Камен
Вредност: 17.000.000 денари
Финансиран од: ИПА програма

2





Проект: Хортикултурно уредување на просторот кај зградите во Единство
Вредност: 17.000.000 денари
Финансиран од: ИПА програма

3





Проект: Уредување на парк во населба Бавчалк
Вредност: 5.000.000 денари
Финансиран од: Бугарска Амбасада

4





Проект: Изградба на  Дом за стари лица во Крива Паланка За овој проект, изготвена е техничка документација и истиот е влезен во програмата на МТСП за 2024 година.

5 Проект: Набавка на цистерна за миење на улици и чистење на септички јами
Вредност: 5.000.000 денари
Финансиран од: Јапонска Амбасада

6 Проект: Рехабилатација на магистралниот пат А2
Вредност: 80.000.000 денари
Финансиран од: ЈПДП

## ИНТЕНЗИВНА МЕЃУНАРОДНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И КОНТИНУИТЕТ ВО ДОБРИТЕ РЕЛАЦИИ СО ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ

1



Меѓународната соработка на општинско ниво интензивно се остварува преку имплементација на инструментот за претпристапна помош - ИПА на Европската Унија, со реализација на конкретни проекти и активности од интерес на локалната заедница и донации од меѓународните донатори и амбасади, преку културна размена со збратимените градови и пријатели на Општина Крива Паланка, како и низ постојаната комуникација со дипломатските преставништва во земјава, во контекст на развој и унапредување на Општината.

Меѓународната соработка на Општината е насочена кон креирање на квалитетни партнерски и пријателски односи, во функција на поддршка на економски и социјален развој и кохезија во локалната заедница и регионот.

# УРБАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ, ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА ДИВОГРАДБИ

1



Донесен нов Генерален урбанистички план ( ГУП ) на град Крива Паланка по речиси половина век. Крива Паланка работеше по ГУП од 1976 година, а новиот ГУП за период 2019-2029 година, со површина од 659 хектари со 42 блокови за детално плнирање значи дека овој стратешки документ за градот конечно отвора нови можности за развој и нов урбан лик на општината. Значи нови проекции за градот и отворање ново поглавје од урбаното и модерно живеење на Крива Паланка. Новиот ГУП овозможува современо планирање и флексибилност во спроведувањето и намените на деталните планови, значи рационална, функционална и хумана организација на просторот и претставува отворени проекции за рамномерен развој на урбаните единици во градот.

2




Донесен е Урбанистички план за вон населно место-УПВНМ, за изградба на хотелски комплекс, згради со апартмани, студија и викенд куќи во туристичкиот локалитет на Калин Камен - село Б`с, финасисран од страна на физички лица со површина од 1,28 ха.

3




Започнавме со процес за регистрирање и проценка на недвижен имот со цел, утврдување на фактичката состојба и евидентирање на промените на имот кои се случиле, и праведно формирање на даночната основа. Средствата од собраните даноци се вложуваат за подобра иднина и развој на Општината.

4



Успешно се спроведеува процесот за легализација на бесправно изградени објекти во Општината.
Издадени се вкупно 514 Решанија за легализација, со цел конечно да се реши долгогодишниот проблем на засегнатите граѓани.

5



Донесен е сообраќаен проект за воведување на зонско паркирање во централното градско подрачје, со цел решавање на сообраќајниот метеж во Крива Паланка, што е еден од клучните приоритети на Општината.

6 Во постапка е донесување на Урбанистички план вон населено место, за изградба на локална депонија за одлагање на инертен отпад (градежен шут) и изградба на стационар со ординации за домашни миленичиња во с.Конопница.
За оваа намена Општината вложи 3.000.000 денари за откуп на земјиште.

*Работам и ќе продолжам да работам со љубов  за нашата Крива Паланка,*
*за поубава општина – дом на идните поколенија.*

*Искрено Ваш,*
*Градоначалник*
*Сашко Митовски*

